Уп. бр. 08-136

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „ Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото ДСВ Холдинг Германија ГмбХ, со регистрирано седиште на с/о Гринфилдс, Фридрих-Еберт-Анлаге 56, 60325 Франкфурт на Мајна, Германија, доставено преку адвокат Љупка Новеска Андонова од Скопје, на седницата одржана на ден 30.10.2024 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ДСВ Холдинг Германија ГмбХ, со регистрирано седиште на с/о Гринфилдс, Фридрих-Еберт-Анлаге 56, 60325 Франкфурт на Мајна, Германија ќе стекне самостојна контрола над Шенкер Акциенгезелшафт со седиште на Круппштр. 4, 45128 Есен, Германија, преку купување на 100% од акциите, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 24.09.2024, а дополнето на ден 27.09.2024 година, 01.10.2024 година и 02.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ДСВ Холдинг Германија ГмбХ, со регистрирано седиште на с/о Гринфилдс, Фридрих-Еберт-Анлаге 56, 60325 Франкфурт на Мајна, Германија, со која ДСВ Холдинг Германија ГмбХ ќе стекне самостојна контрола над Шенкер Акциенгезелшафт со седиште на Круппштр. 4, 45128 Есен, Германија, преку купување на 100% од акциите.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**- ДСВ Холдинг Германија ГмбХ е** друштво со посебна намена кое се јавува во улога на стекнувач, а е во целосна сопственост и под самостојна контрола на ДСВ А/С (DSV A/S), со регистрирано седиште на Ховедгаден 630, Поштенско сандаче 210, 2640 Хедехусене, Данска, (ДСВ А/С, заедно со своите поврзани друштва, вклучувајќи го и Подносителот, во понатамошниот текст ќе бидат означени како: „ДСВ").

ДСВ е глобално друштво за шпедиција и логистика, активно во патните, копнените, воздушните и морските шпедитерски услуги, како и во услугите за договорна логистика. Сите активности на ДСВ Групацијата (DSV Group) се однесуваат на овие основни логистички активности. ДСВ управува со својот деловен модел базиран на мали средства во повеќе од 80 земји, нудејќи услуги низ Европа, Америка, Азија-Пацифик, Блискиот Исток и Африка. ДСВ е основано според законите на Данска и има седиште во Хедехусене, Данска. ДСВ котира на берзата NASDAQ Копенхаген (Данска) под симболот „ДСВ".

ДСВ Холдинг Германија ГмбХ е владејачко друштво на ДСВ Групацијата, чија организација е поделена на три сектори: (а) ДСВ воздух & море (DSV Air & Sea), (б) ДСВ пат (DSV Road) и (в) ДСВ решенија (DSV Solutions).

Како шпедитер, ДСВ служи како посредник и ги користи своите односи со превозниците и другите партнери кои се занимаваат со логистика за договорање поволни услови во корист на своите клиенти (испраќачите). Бизнис моделот на ДСВ е базиран на работа со мали средства, што значи дека генерално не обезбедува транспортен капацитет преку сопствени возила, пловила или авиони, а дека поголемиот дел од неговите капацитети за складирање се изнајмени од трети страни. ДСВ обезбедува транспортни услуги преку сопствен возен парк.

ДСВ има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија – Друштво за транспорт, логистика и услуги ДСВ РОУД ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Св.Кирил и Методиј бр. 56-А/кат 1, Скопје, кое било активно во Северна Македонија во 2023 година со шпедитерски услуги. Регистрирана приоритетна дејност на друштвото е останати придружни дејности во превозот.

-**Шенкер Акциенгезелшафт** е глобално друштво за шпедиција и логистика, активно во патни/копнени, воздушни и морски шпедитерски услуги, како и услуги за договорна логистика. во 2023 година, има остварено приходи на светско ниво во приближно 76 земји. Шенкер е лоцирано во Есен, Германија. Како зависно друштво на ДБ, Шенкер преставува посебна деловна единица на ДБ Групацијата, а Шенкер Акциенгезелшафт е крајното холдинг друштво во неговата групација на друштва.

Шенкер Акциенгезелшафт е глобално друштво за шпедиција и логистика кои работи со мали средства, активно во шпедитерски услуги на пат/копно, воздух и море, како и во услуги за договорна логистика. Шенкер Акциенгезелшафт работи на повеќе од 1.850 локации ширум светот.

Дејствувајќи како шпедитер, со деловен модел заснован на работење со мали средства, Шенкер Акциенгезелшафт вообичаено не обезбедува превозен капацитет преку сопствени возила, пловни објекти или воздухоплови, туку потребниот товарен капацитет го обезбедува од одредени надворешни превозници или (доколку е потребно) на пазарот за размена на меѓународни добра (на анг. *spot market*). Шенкер Акциенгезелшафт користи сопствени возила само во некои сегменти на копнениот транспорт, со што дејствува и како превозник. За оваа цел, Шенкер Акциенгезелшафт има сопствен возен парк. Сепак, активностите на Шенкер Акциенгезелшафт како превозник се многу мали во споредба со неговите активности како шпедитер. Помалку од 10% од камионите кои ги користи Шенкер Акциенгезелшафт се во сопственост на / изнајмени од Шенкер Акциенгезелшафт.

Во Северна Македонија Шенкер Акциенгезелшафт има едно регистрирано зависно друштво - Друштво за шпедиција, превоз на стока и складирање ШЕНКЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Индустриска Зона, бр. ул. 36/ББ-П.Ф. 3, Илинден, Северна Македонија, активно во Северна Македонија во 2023 година во договорна логистика и шпедитерски услуги. Регистрирана приоритетна дејност на друштвото е останати придружни дејности во превозот.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 в) i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**